# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИИ И ЛОКАЛНИ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 12.9.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област финансии, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1500/5, донесена на 7.10.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Горан Петревски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Владимир Филиповски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Ѓорѓи Гоцков, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област финансии, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии, во предвидениот рок се пријави една кандидатка, д-р Сузана Макрешанска Младеновска.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Сузана Макрешанска Младеновска е родена на 26.9.1981 година, во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје, на природно-математичката насока, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Економскиот факултет во Скопје. Дипломирала на департманот економија во 2004 година, со просечен успех 9,81.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и има познавања од германскиот јазик.

Во учебната 2004/2005 година се запишала на втор циклус студии по монетарна економија на Економскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 10. На 7.4.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Фискална децентрализација“, со што се стекнала со научниот степен магистер на економски науки.

Докторска дисертација пријавила на 27.4.2012 година на Економскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Фискалната децентрализација и макроекономските перфроманси во земјите од Југоисточна Европа“ ја одбранила на 6.4.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Михаил Петковски, претседател на Комисијата, проф. д-р Горан Петревски, ментор, проф. д-р Љубе Трпески, член, акад. Таки Фити, член и проф. д-р Владимир Филиповски, член. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

На 31.8.2015 година е избрана за наставник во наставно-научното звање доцент по економски науки на Економскиот факултет во Скопје, во наставно-научната област финансии, по предметот Локални финансии. Рефератот за избор е објавен во Билтен на УКИМ бр. 1103 од 1.7.2015 година.

Во моментот, кандидатката е вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје, по предметите Јавни финансии и Локални финансии. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен на УКИМ бр. 1210 од 1.3.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. бр. 893 од 15.3.2006 година, бр. 964 од 15.5.2009 година, бр. 1011 од 1.7.2011 година, бр. 1080 од 1.7.2014 година, бр. 1103 од 1.7.2015 година и бр. 1210 од 1.3.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Сузана Макрешанска Младеновска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Финансии по предметите: Јавни финансии и Локални финансии и на втор циклус студии на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, по предметите: Јавни финансии и Финансиско моделирање. Кандидатката е ангажирана на трет циклус студии по Економски науки, на предметната програма Јавни финансии.

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска била ментор на 26 дипломски трудови. Учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на 115 дипломски, 14 магистерски трудови и на 3 докторски дисертации.

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска е автор на 1 рецензиран учебник под наслов „Локални финансии“.

Конкретните активности со датуми и други релевантни податоци, согласно со Анекс 1 (член 2) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се наведени во табелата во Образец 2, дадена како прилог кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска, од последниот избор до денот на пријавата, има објавено вкупно 10 научни труда од областа финансии, од кои 1 научен труд во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 3 труда во научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 3 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор и 3 труда во научни списанија и зборници од домашни високообразовни установи.

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска учествувала како член на 2 национални научни проекта и е коавтор на 1 научна монографија. Рецензент била на 3 научни труда објавени во меѓународни научни списанија и зборници од меѓународни научни собири.

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска била ментор на 12 магистерски трудови.

Називите на трудовите, проектите и другите активности од научноистражувачката дејност, со датуми и други релевантни податоци, согласно со Анекс 1 (член 3) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се наведени во табелата во Образец 2, дадена како прилог кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Сузана Макрешанска Младеновска активно е вклучена во работата на 14 стручни комисии и работни групи на Економскиот факултет во Скопје. Кандидатката е секретар на Катедрата за финансии на Економскиот факултет во Скопје и секретар е на Колегиумот на студиската програма за монетарна економија, финансии и банкарство на Економскиот факултет во Скопје.

Во изборниот период, кандидатката учествувала во изготвување и пријавување на 1 научен проект и членувала во организациски одбори на 5 меѓународни научни конференции и во уредувачки одбори на 1 научна монографија.

Кандидатката била член на 2 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Конкретните активности со датуми и други релевантни податоци од стручно-применувачката дејност и дејности од поширок интерес, согласно со Анекс 1 (член 5) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се наведени во табелата во Образец 2, дадена како прилог кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Сузана Макрешанска Младеновска, во сите учебни години пред изборот, на предметните програми Јавни финансии (2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024) и Локални финансии (2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024) има добиено позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сузана Макрешанска Младеновска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сузана Макрешанска Младеновска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област финансии, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Сузана Макрешанска Младеновска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област финансии, по предметите: Јавни финансии и Локални финансии.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горан Петревски, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Сузана Светислав Макрешанска Младеновска***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Економски факултет – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ФИНАНСИИ***

**.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,81<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: финансии, поле: економски науки, подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Post-Communist Economies<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Decentralisation and fiscal performance in Central and Eastern Europe<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Economy, Business and Development (EB&D) Journal | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 9 (Австралија 1, Македонија 3, Мароко 1, Романија 1, САД 1, Србија 1 и Турција 1)<br>3. Наслов на трудот: Fiscal Decentralization and Economic Growth: Empirical Evidence from European Countries<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Knowledge – International Journal<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 18 (Албанија 1, Бугарија 5, Косово 1, Македонија 3, Романија 1, Русија 1, Србија 3, Хрватска 1 и Црна Гора 2)<br>3. Наслов на трудот: The structure of financial instruments and financial systems in selected European countries –comparative analysis<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 3rd International Conference Economic and Business Trends Shaping the Future<br>2. Назив на меѓународниот собир: 3rd International Scientific Conference on "Economics and Business Trends Shaping the Future"<br>3. Имиња на земјите: Австрија, Австралија, Албанија, Аргентина, Босна и Херцеговина, Бугарија, Велика Британија, Германија, Ирска, Јапонија, Канада, Македонија, Пакистан, Полска, Португалија, Романија, САД, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Хрватска, Црна Гора, Швајцарија, Шведска и Шпанија<br>4. Наслов на трудот: Social Protection Expenditures in Central and Eastern European Countries: Does Government Debt Matter?<br>5. Година на објава: 2022 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Conference Proceedings of the First International Conference Economic and Business Trends Shaping the Future<br>2. Назив на меѓународниот собир: Economic and Business Trends Shaping the future - International Scientific Conference<br>3. Имиња на земјите: Австрија, Австралија, Албанија, Аргентина, Босна и Херцеговина, Бугарија, Велика Британија, Германија, Ирска, Јапонија, Канада, Македонија, Пакистан, Полска, Португалија, Романија, САД, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Хрватска, Црна Гора, Швајцарија, Шведска и Шпанија | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: Is there a dominance of social protection expenditure in the European Union?<br>5. Година на објава: 2020 | |
| 3.6 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: Economic and social development : 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development - Building Resilient Society: Book of proceedings<br>2.Назив на меѓународниот собир: 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development - Building Resilient Society<br>3.Имиња на земјите: Австралија, Азербејџан, Албанија, Аргентина, Босна и Херцеговина, Бразил, Израел, Индија, Италија, Канада, Кина, Латвија, Литванија, Мароко, Нигерија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Романија, Русија, Тајланд, Турција, Унгарија, Франција, Хрватска, Чешка и Швајцарија.<br>4. Наслов на трудот: The Impact of Fiscal Decentralization on Economic Growth in the CEE Countries<br>5. Година на објава: 2019 | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебник: *Локални финансии*<br>Место и година на објава: Скопје, 2024<br><br>2. Наслов на монографија: *Економско-финансиски ефекти на локалните финансии: компаративна анализа на Р. Македонија и земјите од Југоисточна Европа*<br>Место и година на објава: Скопје, 2019 | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1 март 2020 (Билтен бр. 1210) | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горан Петревски, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Сузана, Светислав Макрешанска Младеновска**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**
Научни области: **финансии**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава**<br>(неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава); (бодување: 0,04 за прв циклус; 0,05 за втор циклус, 0,06 поени за трет циклус)<br><br>Прв циклус студии (36 поени)<br>2019/2020 Јавни финансии (6*15*0,04=3.6) и Локални финансии (6*15*0,04=3.6); 2020/2021 Јавни финансии (6*15*0,04=3.6) и Локални финансии (6*15*0,04=3.6); 2021/2022 Јавни финансии (6*15*0,04=3.6) и Локални финансии (6*15*0,04=3.6); 2022/2023 Јавни финансии (6*15*0,04=3.6) и Локални финансии (6*15*0,04=3.6); 2023/2024 Јавни финансии (6*15*0,04=3.6) и Локални финансии (6*15*0,04=3.6)<br><br>Втор циклус студии (18 поени)<br>2019/2020 Јавни финансии (40*0,05=2), Јавни финансии 1 (40*0,05=2) и Јавни финансии 2 (40*0,05=2); 2020/2021 Јавни финансии (40*0,05=2) и Јавни финансии 2 (40*0,05=2); 2021/2022 Јавни финансии (40*0,05=2); 2022/2023 Јавни финансии (40*0,05=2) и Финансиско моделирање (40*0,05=2); 2023/2024 Јавни финансии (40*0,05=2)<br><br>Трет циклус студии (7,2 поена)<br>2020/2021 Јавни финансии (30*0,05=1,8); 2021/2022 Јавни финансии (30*0,05=1,8); 2022/2023 Јавни финансии (30*0,05=1,8); 2023/2024 Јавни финансии (30*0,05=1,8) | **61,2** |
| **2.** | **Подготовка на нов предмет**<br>(предавања 1; вежби 0,5)<br>▪ Предавања за предметот Финансиско моделирање на втор циклус студии по Монетарна економија, финансии и банкарство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје.<br>(1 поен) | **1,0** |
| **3.** | **Консултации со студенти**<br>(број на студенти*бодување); (бодување:0,002)<br>Прв циклус (3,394)<br>Јавни финансии (1,986): 152*0,002=0,304 (2019/2020г.); 246*0,002=0,492 (2020/2021г.); 212*0,002=0,424 (2021/2022г.); 210*0,002=0,42 (2022/2023г.); 173*0,002=0,346 (2023/2024г.)<br>Локални финансии (1,408): 185*0,002=0,37 (2019/2020г.); 162*0,002=0,324 (2020/2021г.); 110*0,002=0,22 (2021/2022г.); 103*0,002=0,206 (2022/2023г.); 144*0,002=0,288 (2023/2024г.)<br><br>Втор циклус (0,196) | **3,6** |

| | | |
|---|---|---|
| | Јавни финансии 1 (0,002): 1*0,002=0,002 (2019/2020г.);<br>Јавни финансии 2 (0,004): 1*0,002=0,002 (2019/2020г.); 1*0,002=0,002 (2020/2021г.);<br>Јавни финансии (0,188): 19*0,002=0,038 (2019/2020г.); 22*0,002=0,044 (2020/2021г.); 20*0,002=0,04 (2021/2022г.); 20*0,002=0,04 (2022/2023г.); 13*0,002=0,026 (2023/2024г.)<br>Финансиско моделирање (0,002): (1*0,002) (2022/2023)<br><br>Трет циклус (0,012)<br>▪ Јавни финансии (0,004): 2*0,002=0,004 (2020/2021г.); 1*0,002=0,002 (2021/2022г.); 1*0,002=0,002 (2022/2023г.); 2*0,002=0,004 (2023/2024г.) | |
| 4. | **Ментор на дипломска работа**<br>(број на менторства * бодување); (бодување: 0,2)<br>▪ (26* 0,2 = 5,2) | **5,2** |
| 5. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд** (0,7 поени)<br>• (3*0,7 = 2,1) | **2,1** |
| 6. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска**<br>(број на комисии * бодување); (бодување:0,3)<br>▪ (14*0,3 = 4,2) | **4,2** |
| 7. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>(број на комисии * бодување); (бодување: 0,1)<br>▪ (115*0,1 = 11,5) | **11,5** |
| 8. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** (бодување: автор 8, коавтор 6)<br>▪ Локални финансии, Економски факултет - Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, 2024 (автор)<br>(8 поени) | **8,0** |
| 9. | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>(бодување: 1)<br>▪ Јавни финансии (втор циклус) (1 поен)<br>▪ Финансиско моделирање (втор циклус) (1 поен) | **2,0** |
| | **Вкупно** | **98,8** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерска работа** (2 поени)<br>▪ Ментор на магистерска работа (12 кандидати) | **24,0** |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект** (3 поени)<br>▪ Проект „Финансискиот сектор и неговото влијание врз растот на националната економија”, 2023, Економски факултет – Скопје, УКИМ, 2023/2024 (3 поени)<br>▪ Проект „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторт во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската Унија“, 2013-, Економски факултет – Скопје, УКИМ (3 поени) | **6,0** |
| **3.** | **Монографија** (8 поени)[2] | **4,8** |

[2] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора – секој добива по 90 % од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80 % од бодовите, кога се четири и повеќе – секој добива по 60 % од бодовите.

| | | |
|---|---|---|
| | • Макрешанска Младеновска, С., и други, (2019) „Економско-финансиски ефекти на локалните финансии: компаративна анализа на Р. Македонија и земјите од Југоисточна Европа“, научна монографија, Економски факултет – Скопје | |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** (8 поени + И.Ф.)[1]<br>▪ Suzana Makreshanska-Mladenovska and Goran Petrevski (2021) “Decentralisation and fiscal performance in Central and Eastern Europe”, *Post-Communist Economies*, Vol. 33 2021, Issue 5, 614-636,<br>DOI: 10.1080/14631377.2020.1793609<br>Impact factor 2.2<br>Access: https://doi.org/10.1080/14631377.2018.1461526<br>(7,2+2.2=9,4) | **9,4** |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** (5 поени) [1]<br>• Makreshanska Mladenovska, S., and Tashevska. B., (2024). “Fiscal Decentralization and Economic Growth: Empirical Evidence from European Countries”, Economy, Business and Development (EB&D) International Journal, Vol 5 No 1 , DOI: 10.47063/ebd.00017<br>Retrieved from: https://doi.org/10.47063/ebd.00017<br>(5*0.9=4.5 поени)<br>• Koleva, K., and Makresanska Mladenovska, S. (2024). **“**Descriptive analysis of the financing of local self-government units with special reference to the municipality of Strumica”. Knowledge - International Journal, Vol. 65(1), pp. 49–55. Retrieved from https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/6894 (5*0.9=4.5 поени)<br>• Gockov, G., Hristovski, G., and Makreshanska Mladenovska, S. (2023). “The structure of financial instruments in financial systems in selected European countries – comparative analysis”. Knowledge - International Journal , 61(1), pp. 125–130. Retrieved from https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/6530 (5*0.8=4 поени) | **13,0** |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** (5 поени)[1]<br>• Gockov, Makreshanska Mladenovska and Hristovski, (2024) “Analyzing the Snowball Effect on Public Debt Dynamics and Its Determinants - the case of North Macedonia” in *ERAZ 2024 Conference Proceedings Pre-draft*, 10th International Scientific Conference – ERAZ 2024, organized by ISCTE – University Institute of Lisbon, Portugal, held on 6-7 June 2024, (5*0,8 = 4 поени) | **12,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Tashevska, Makreshanska-Mladenovska and Trpkova-Nestorovska (2022) “Social Protection Expenditures in Central and Eastern European Countries: Does Government Debt Matter?” in M. Trpeska (ed.) Proceedings of the 3rd international scientific conference “Economic and Business Trends Shaping the Future”, conference organized by the Faculty of Economics – Skopje, held on 10-11 November 2022, pp. 21-32, https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/24470 (5*0,8 = 4 поени)<br>▪ Tashevska, Trpkova-Nestorovska and Markeshanska-Mladenovska, (2020) “Is There a Dominance of Social Protection Expenditure in the European Union?”, in (M. Santa, ed.) Proceedings of the 1st international scientific conference "Economic and Business Trends Shaping the Future", online conference organized by the Faculty of Economics – Skopje, held on 12-13 November 2020, pp. 33-43, (5*0,8 = 4 поени) | |
| **7.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** (1 поен)<br>• Забрзување на процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ: клучни предизвици и приоритети, во организација на МАНУ, Министерство за финансии на РСМ и Секретаријат за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, 22 јуни 2023, презентација на тема „Социјалните расходи и фискалната одржливост“<br>• Economic and Business Trends Shaping the Future, 10-11 ноември 2022 год. во Скопје, презентација на труд “Social Protection Expenditures in Central and Eastern European Countries: Does Government Debt Matter?”<br>• Предизвици на фискалната политика во периодот на пандемијата од ковид-19 и перспективи во посткризниот период, во организација на МАНУ и Министерство за финансии на РСМ, 20 мај 2021, презентација на труд „Фискалната одржливост на Република Северна Македонија во услови на пандемија“<br>• Economic and Business Trends Shaping the Future, 12-13 ноември 2020 год. во Скопје, презентација на труд “Is There a Dominance of Social Protection Expenditure in the European Union?” | **4,0** |
| **8.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** (меѓународна 1 поен, национална 0,5 поени)<br>• Gockov, Makreshanska-Mladenovska and Hristovski (2024) “Analyzing the Snowball Effect on Public Debt Dynamics and Its Determinants - the case of North Macedonia” in *ERAZ 2024 Book of Abstracts*, 10th International Scientific Conference – ERAZ 2024, organized by ISCTE – University Institute of Lisbon, Portugal, held on 6-7 June 2024 (1 поен)<br>• Tashevska and Makreshanska-Mladenovska (2023) “social expenditures and fiscal sustainability”, во Книга на апстракти од научната конференција на тема *„Забрзување на процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ: Клучни предизвици и приоритети“*, Центар за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ при Македонската Академија На Науките и Уметностите, Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Секретаријат за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, Скопје, 22 јуни 2023 (0,5 поени) | **1,5** |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** (2 поена)[1]<br>▪ Ташевска и Макрешанска-Младеновска (2023) “Социјалните расходи – предизвик за фискалната одржливост”, во (ур. одб. Камбовски, В. и Фити, Т.) Зборник на трудови од научната конференција „Забрзување на процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ: Клучни предизвици и приоритети“, Македонска Академија на Науките и Уметностите, Скопје, стр. 467-481 (2*0,9 = 1,8 поени)<br>▪ Ташевска, Макрешанска-Младеновска, Треновски, и Трпески, (2021) „Фискалната одржливост на Република Северна Македонија во услови на пандемија“, во Предизвиците на фискалната политика во периодот на пандемијата на Ковид-19 и перспективи во посткризниот период, Зборник на трудови од научната конференција одржана во Скопје на 20 мај 2021 год., организирана од МАНУ во соработка со Министерството за финансии на Република Северна Македонија, МАНУ, стр. 247-264. (2*0,6 = 1,2 поени)<br>▪ Треновски, Макрешанска-Младеновска, Трпески и Ташевска, (2021) „Ефектите од пандемијата на Ковид-19 врз финансирањето на општините во Северна Македонија – отпорни локални приходи, отпорни општини“, во Предизвиците на фискалната политика во периодот на пандемијата на Ковид-19 и перспективи во посткризниот период, Зборник на трудови од научната конференција одржана во Скопје на 20 мај 2021 год., организирана од МАНУ во соработка со Министерството за финансии на Република Северна Македонија, МАНУ, стр. 289-306. (2*0,6 = 1,2 поени) | **4,2** |
| **10.** | **Рецензија на научен/стручен труд** (0,2 поени)<br>▪ Post-Communist Countries, 2022,<br>▪ World Journal of Applied Economics, 2022<br>▪ 2nd International Scientific Conference Economic and Business trends shaping the Future, Skopje, 2021 | **0,6** |
| | **Вкупно** | **79,5** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир (1 поен)**<br>• Член на организациски одбор на *International Scientific Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future – EBTSF* (Одлука бр. 02-340/6 од 26.12.2023; Одлука бр. 02-396/12 од 1.03.2023; Одлука бр. 02-439/8 од 29.3.2022, Одлука бр. 02-373/11 од 3.3.2021, и Одлука бр. 02-1102/8 од 3.6.2019) (5*1=5 поени) | **5,0** |
| **2.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник 0,5)**<br>• Соработник во изготвување и пријавување на научен национален проект: „Финансискиот сектор и неговото влијание врз растот на националната економија”, Економски факултет – Скопје, УКИМ (0,5) | **0,5** |
| **3.** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** (0,5 поени) | **5,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Учество во промотивни активности на отворен информативен ден за промоција на прв циклус студии 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022 година; 2022/2023; 2023/2024 (5*0,5=2,5)<br>▪ Учество во промотивни активности на втор циклус студии „Отворен ден на Економски факултет – Скопје“, Скопје, 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022 година; 2022/2023; 2023/2024 (5*0,5=2,5) | |
| **4.** | **Член на факултетска комисија** (0,5 поени – се однесуваат за еден мандатен период)<br>▪ Член на Комисија за валоризација на кредити за докторски семинар, т.е. рецензија на труд на студиската програма Економски науки (Одлука бр. 02-1966/3 од 25.10.2023). (0,5)<br>▪ Член на Рецензентска комисија за избор на соработник, во соработничко звање асистент, во научната област: финансии (Одлука бр. 02-1681/3 од 29.9.2023). (0,5)<br>▪ Член на Рецензентска комисија за избор на демонстратор на катедрата за финансии за учебната 2023/2024 (Одлука бр. 02-1560/11 од 11.9.2023). (0,5)<br>▪ Член на Изборна комисија на Економски факултет – Скопје, за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за мандатниот период 2023 – 2026 година (Одлука бр. 02-795/7 од 4.5.2023) (0,5)<br>▪ Член на Комисија за валоризација на кредити за докторски семинар, т.е. рецензија на труд на студиската програма Економски науки (Одлука бр. 02-107/3 од 25.1.2023) (0,5)<br>▪ Член на Комисија за подготовка и реализација на GAP анализа во рамки на процесот за стекнување на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје со AACSB-акредитација (стандард 8: Intellectual Contribution) (Одлука бр. 02-2282/9 од 26.12.2022 година) (0,5)<br>▪ Секретар на Колегиумот на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство на втор циклус студии во периодот 17.11.2022 – 16.11.2025 година. (Решение 04-2028/2 од 24.11.2022) (0,5)<br>▪ Член на Комисија за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје (Одлука бр. 02-1545/10 од 6.10.2022) (0,5)<br>▪ Член на Рецензентска комисија за избор на демонстратор на катедрата за финансии за учебната 2022/2023. (Одлука бр. 02-1334/10 од 7.9.2022). (0,5)<br>▪ Секретар на Катедрата за финансии во периодот 21.1.2022 – 20.1.2025 година. (Решение бр. 04-127/2 од 26.1.2022) (0,5)<br>▪ Член на Комисија за валоризација на кредити за докторски семинар, т.е. рецензија на труд на студиската програма Економски науки (Одлука бр. 02-66/3 од 25.01.2022) (0,5)<br>▪ Член на Избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Економскиот факултет во Скопје (Решение бр. 02-2048/1 од 29.10.2021) (0,5)<br>▪ Член на Комисија за оценка на поднесен предлог-докторски проект за изработка на докторски труд на студиската програма Економски науки (Одлука бр. 02-1509/4 од 9.9.2021) (0,5)<br>▪ Член на Рецензентска комисија за избор на демонстратор на катедрата за финансии за учебната 2021/2022 (Одлука бр. 02-1507/11 од 9.9.2021). (0,5) | **10,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Член на Рецензентска комисија за избор на соработник, во соработничко звање асистент, во научната област: финансии (Одлука бр. 02-2289/5 од 10.12.2020). (0,5)<br>▪ Член на Рецензентска комисија за избор на демонстратор на катедрата за финансии за учебната 2020/2021 (Одлука бр. 02-1444/9 од 10.9.2020). (0,5)<br>▪ Претседател на Дисциплинска комисија на Економски факултет – Скопје (Одлука бр. 02-461/3 од 4.3.2020) (0,5)<br>▪ Секретар на Катедрата за финансии (2.12.2019 – 1.12.2022) (Решение бр. 04-2568/2 од 11.12.2019) (0,5)<br>▪ Член на Библиотечен одбор на Економскиот факултет во Скопје за периодот 29.11.2019 – 28.11.2022 (Одлука бр. 02-2471/9 од 10.12.2019) (0,5)<br>▪ Член на Поткомисија за самоевалуација на студиската програма Финансии на Економскиот факултет во Скопје (Одлука бр. 02-2179/13 од 6.11.2019) (0,5) | |
| | **Вкупно** | **20,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **98,8** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **79,5** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ и ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **20,5** |
| **Вкупно** | **198,8** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горан Петревски, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02 - 1970 / 1
01.11.2024
СКОПЈЕ

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр.__________ Дата.________2024 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.178/21) и член 41 и 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година), а на предлог на рецензентската комисија, Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Скопје на седницата одржана на ден 1.11.2024 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Кандидатот д-р Сузана Макрешанска Младеновска, се избира за наставник, во наставно – научно звање редовен професор, во научната област: финансии (5.02.00.07) по предметите: Јавни финансии и Локални финансии.

Изборот во наставно – научно звање редовен професор д-р Сузана Макрешанска Младеновска го задржува доживотно.

## О б р а з л о ж е н и е

На објавениот конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: финансии по предметите: Јавни финансии и Локални финансии, објавен во Слободен печат и Коха на ден 12.9.2024 година се пријави само кандидатот д-р Сузана Макрешанска Младеновска.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1316 од 15. 10. 2024 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во состав: Проф. д-р Горан Петревски, Проф. д-р Владимир Филиповски и Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков во предвидениот рок, не е поднесен приговор.

Наставно – научниот совет, одлучувајќи по рецензентскиот извештај, едногласно од присутните односно со 38 гласа ЗА (од вкупно 47 члена на наставно – научен кадар во Наставно – научниот совет), донесе одлука со која ја избра д-р Сузана Макрешанска Младеновска во наставно – научно звање редовен професор, во научната област: финансии по предметите: Јавни финансии и Локални финансии.

Согласно член 173, став 2 од Законот за високото (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.178/21): „Изборот на редовен професор извршен од страна на наставно-научниот совет на факултетот, го потврдува сенатот на Универзитетот".

Оваа одлука да се достави до: Универзитетот, кандидатот, персонално досие, досие на седницата и архива.

**ДЕКАН**

Изработил:Д.К

**Проф. д-р Предраг Трпески**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

| Примено: | 05.12.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 04 | 1970 / 3 | | |




Бр. 02-1129/28
28.11.2024 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став (2) и член 175, став (2) од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024), Универзитетскиот сенат на 15.седница одржана на 28.11.2024 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**потврдување на избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Сузана Макрешанска Младеновска,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје, во наставно-научната област:

- *финансии (5.02.00.07).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Претседател**

**Проф. д-р Драги Димитриевски**

ДН:

- Економски факултет - Скопје
- проф. д-р Сузана Макрешанска Младеновска

